26.01. 2026

Архивски бр.02-995/1

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за виното(*) („Службен весник на РСМ" бр.74/24 и 208/24), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

# ЈАВЕН КОНКУРС

за избор на институцијата за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет согласно Методологија за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет за 2026 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно член 22 од согласно Законот за виното(*) („Службен весник на РСМ" бр.74/24 и 208/24) пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет , согласно со методологијата од член 21 од истоимениот закон ја врши високо образовна или научна институција од областа во земјоделството.

Нарачател на јавниот конкурс е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Право на учество на јавниот конкурс имаат високо образовна или научна институција од областа во земјоделството, кои ги исполнуваат општите услови од член 21 и член 22 од Законот за виното(*) („Службен весник на РСМ" бр.74/24 и 208/24) и Методологија за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет („Службен весник на РСМ" бр.146/24).

Јавниот конкурс за давателот на јавната услуга за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет за 2026 година трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување.

## II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет согласно Методологија за пресметка


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет („Службен весник на РСМ" бр.146/24) за 2026 година, за најмалку две или повеќе препорачани и одобрени сорти на винско грозје кои заедно се застапени на најмалку 51% од површините под лозови насади со винско грозје согласно податоците од Националниот регистар на лозови насади

## III. ПЕРИОД ВО КОЈ ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШИ УСЛУГАТА

Пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет за 2026 година со доставување на утврдена производна цена треба да се изврши најкасно до 15.07.2026 година.

## IV. ЦЕНА НА УСЛУГА

Максималниот предвиден износ за извршување на предметната услуга изнесува 120.000,00 денари.

Понудите кои ќе бидат повисоки од претходно наведениот износ ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе се спроведе и доколку на конкурсот конкурира само еден понудувач.

Постапката ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Изборот на институцијата се врши врз основа на најниско понудена цена за услугата во пријавата за учество на јавниот конкурс.

Во случај на пристигнати две или повеќе понуди со иста цена, предност ќе има прво прводоставената понуда во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## VI. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За учество на јавниот конкурс се доставува следната документација:

Пополнета пријава за учество на јавниот конкурс која содржи и цена за извршување на услугата предмет на јавниот конкурс.

Тековна состојба од Централниот регистер на Република Северна Македонија не постара од шест месеци.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Документите кои се доставуваат потребно е да бидат во оригинал или копии заверени на нотар.

## VII. КОНТАКТ ЛИЦЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Контакт лице за дополнителни податоци и информации во врска со постапката за јавен конкурс:

pero.nikolov@mzsv.gov.mk

## VIII . НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите се доставуваат до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса на улица „Ленинова" број 2 или директно во архивата на Министерството, во затворен коверт со назнака „за Јавен конкурс за избор на институцијата за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје за 2026 година.

Краен рок за поднесување на понудите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на јавниот конкурс на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## IX. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Пријавите ќе бидат отворени во 10 часот, првиот работен ден по завршувањето на јавниот конкурс во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на улица „Ленинова" број 2.

Овластени претставници на субјектите може да бидат присутни на отворањето на пријавите.

## X. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ИЗБОР

Информирањето на кандидатите за извршениот избор е со писмено известување.

## XI. ПОСТАПКА

Постапката ја спроведува трочлена комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавниот конкурс врши евалуација на пријавите по јавниот конкурс, изготвува записник за извршената евалуација и доставува предлог за избор на најповолен понудувач на јавниот конкурс до министерот.

Министерот врз основа на предлогот од Комисијата во рок од осум дена донесува решение за избор на најповолен понудувач по јавниот конкурс.

Решението се доставува до сите учесници на јавниот конкурс во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

Решението е конечно и извршно во управна постапка.

Со избраниот понудувач во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението министерот склучува договор за вршење на услугите кои се предмет на јавниот конкурс.

МИНИСТЕР

Цветан Трипуновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE I СКОПЈЕ-SHKUP


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015